# ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.15 од 02.02.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за безбедност и здравје при работа ("Службен весник на Република Македонија" број 92/2007, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13, 164/13 и 158/14) во членот 22 по ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) За вработените кои имаат пристап и ракуваат со службено огнено оружје, покрај стандарден минимум на систематскиот преглед од ставот (5) на овој член истиот содржи и психијатриски и психолошки преглед, а задолжително завршува со наод дали лицето е способно да ги врши работите на работното место за носење, пристап и употреба на службено огнено оружје."

Ставот (6) станува став (7).

**Член 2**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".